РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

Број 01 - 1087/4

Ноември 2017 година

21 -11- 2017

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14 и 27/16), а во врска со член 16 став (2) алинеја 6 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16 и 142/16) директорот на Агенцијата за администрација, донесе

Правилник
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за администрација

Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за администрација, број 01-1731/2 од 15.06.2015 година, број 01-1731/6 од 21.08.2015 година, број 01-137/1 од 27.01.2016 година, број 01-184/1 од 31.01.2017 година и број 01-1087/1 од 17.07.2017 година, во член 14, глава IV. **„Опис на работните места во Агенцијата**, во точка со наслов 2. **„Сектор за селекција на кандидати за вработување"**, во потточка 2.1. **„Одделение за јавен оглас и административна селекција"**, на работно место под Реден број - 24, Шифра УПР0101Б04000, Ниво - Б4, Звање – Раководител на одделение и Назив на работно место „Раководител на Одделение за јавен оглас и административна селекција", во насловот **„Вид на образование"** зборовите **„или Наука за книжевноста"** се бришат.

Член 2

Во точка со наслов 3. **„Сектор за стручно – административни работи и јавни набавки"**, во потточка 3.3. **„Одделение за јавни набавки"**, на работното место под Реден број - 57, Шифра - УПР 0101Б04000, Ниво – Б4, Звање – Раководител на одделение и Назив на работно место „Раководител на Одделение за јавни набавки", во насловот **„Вид на образование"** после зборовите **„Правни науки"** се става запирка, зборот **„или"** се брише, а после зборовите **„Економски науки"** се додаваат зборовите **„ или Наука за книжевноста "**.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ДИРЕКТОР,
СПАСЕ ГЛИГОРОВ

## О б р а з л о ж е н и е

Заради подобрување на ефективноста, ефикасноста и квалитетот во работењето на Агенцијата за администрација и ефикасно управување со човечките ресурси во Агенцијата за администрација, се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за администрација.